**Насоки за пристап до LMS платформата**

За да пристапите кон ЛМС платформа за електронско следење на обукиси, потребно е во Вашиот веб прелистувач (Google Chrome, Firefox, Microsoft Edge), да ја внесете следната веб адреса: http://lms.is.gov.mk

Внимавајте на веб адресата, доколку во изминатиот период поради некоја причина сте биле приклучени на ЛМС платформата и доколку се обидете да се логирате преку истата ќе ви се прикаже порака дека страната не е достапна. Затоа е потребно да се внесе веб адресата – линкот кој е даден погоре.

За да се најавите на системот, потребно е во соодветните полиња на насловната страница да ги внесете Вашето единствено Корисничко име (UserID) и Лозинка (Password), доделениод Инспекцискиот совет, и потоа да притиснете на копчето Најавете се (Log in).

Електронски, до директорот односно до раководителот на инспекциската служба е доставена листата со инспектори од инспекциска служба, во која се изгенерирани кориснички имиња и лозинки.

Вашето корисничко име е мејл адресата, која како податок ја имаме искористено од регистарот на инспектори.

Напоменуваме дека контакт податоците во регистарот се доставувани од страна на Вашите инспекиски служби. Нивната исправност и ажурираност не зависи од Советот.
Па доколку во доставените списоци воочите дека изостануваат некои инспектори, односно не се повеќе во работен однос, односно работното местово инспекциската служба им е во мирување, потребно е и официјално до Советот да доставите пречистена табела од регистарот на инспектори РЕГ-4-РИН.

Лозинка која Ви е доделена од Инспекцискиот совет ја внесувате како што е доставена на латиница!

(Првата буква е голема. Понатаму следуваат три мали букви, број, две мали букви, интерпункциски знак за извичник и уште три мали букви).

При успешен пристап системот ќе ви побара да направите измена на лозинката, со Ваша нова лозинка. Потребно е да го следите упатството кое е испишпано на самиот екран и Вашата нова лозинка да содржи голема буква, бројка и специфичен знак.

Новата лозинка потребно е да ја запомните бидејќи ќе Ви биде потребна и во иднина. Инспекцискиот совет нема увид во Вашата нова лозинка, заради заштита на Вашата приватност, поради што е неопходно и исклучително важно да ја запомните истата.
Доколку се исклучите и сакате да пристапите повторно на платформата, ја користите новата – Вашата лозинка, која самите си ја креиравте.
Доколку се случи да ја заборавите лозинката и доколку побарате помош за повторен пристап, ќе бидете избришани, а со тоа ќе бидат избришани и сите Ваши дотогашни активности на платформата.

Штом успешно ќе се логирате, се отвара нов прозорец во кој се наоѓаат сите 7 генерички обуки.Генеричките обуки започнуваат со зборовите: Тема 1.1 ...., Тема 1.2.....итн.

Согласно Законот з аинспекциски надзор (Сл.весник на РСМ бр. 102/19), потребно е да поминете најмалку 3 генерички обуки.

Откако целосно ќе ги прелистате и проучите материјалите дадени во посебните секции од темата (наставен план, прашалник, евалуација....), системот ќе препознае дека сте ја завршиле обуката и ќе Ви даде можност да испечатите потврда- сертификат.
Истиот е потребно да го доставите во Вашата инспекциска служба за предстојното Годишно оценување.

Генеричките обуки за 2020 година, се реализираат преку методот на самоучење преку материјалите кои се прикачени на платформата за електронско учење.

Генеричките обуки се достапни во текот на целиот ден, секој ден во неделата.

Во интерес на Вашето време, доколку се соочувате со некој проблем при пристапување кон платформата, најпрвин обидете се проблемот да го решите во консултација со некој од Вашите колеги кои успешно се имаат најавено и започнале со обуките.

Пред да побарате измена од Советеот, бидете сигурни дека се сте направиле како што треба.

Вашето барање за техничка подршка можете да го доставите на следната мејл адреса lj.lilic@is.gov.mk

Со почит

Инспекциски совет